**Г Р А Д   С К О П Ј Е**

ПРЕДЛАГАЧ: **Градоначалник на Град Скопје**

ИЗГОТВУВАЧ: **Сектор за јавни дејности**

ПРЕТСТАВНИК: **Раководител на Сектор за јавни дејности**

# ПРЕДЛОГ – ПРОГРАМА
**за изменување и дополнување на Програмата за активностите во областа на социјална, детска и здравствена заштита во град Скопје, за 2026 година**

**Скопје, март 2026 година**

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24) и член 10 став 1 точка 8 алинеја 1 од Законот за градот Скопје ( „Службен весник на Република Македонија“ бр. 55/04,158/11) а во врска со член 11 став 1 алинеја 7 од Законот за социјална заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19,146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22, 65/23 и 192/25), Советот на Град Скопје на _____седница одржана на ______ 2026 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за изменување и дополнување на Програмата за активностите во областа на социјална, детска и здравствена заштита во град Скопје, за 2026 година**

**Член 1**

Во Програмата за активностите во областа на социјална, детска и здравствена заштита во град Скопје, за 2026 година („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 14/25 и 2/26), во главата III., во поглавјето Приоритетна цел 2, во табеларниот приказ се додава нова точка, која гласи „Подмирување на заостанати обврски од претходната година – 1.250.000 ден.“, а вкупниот износ „24.350.000“ се заменува со износот „25.600.000“.

Во поглавјето Приоритетна цел 3, во табеларниот приказ се додава нова точка, која гласи „Подмирување на заостанати обврски од претходната година – 2.000.000 ден.“, а вкупниот износ „19.600.000“ се заменува со износот „21.600.000“.

**Член 2**

Во главата V., износот „95.930.000“ се заменува со износот „99.180.000„

**Член 3**

Оваа Програма влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Град Скопје“.

Број __
2026 година
Скопје

СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ
ПРЕТСЕДАТЕЛ
д-р Даме Димитровски

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Согласно член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/4 утврдена е надлежноста на Советот на Град Скопје. Согласно член 11 став 1 алинеја 7 од Законот за социјална заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19,146/19, 275/19302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22, 65/23 и 192/25) за остварување на дејноста на социјална заштита, градот Скопје донесува годишни програми за потребите на граѓаните од областа на социјална заштита, во која се предвидуваат активности и средства за реализација на истите.

Со ова образложение се укажува на потребата да се исплатат заостанатите обврски по склучени договори со Град Скопје со кои градот има преземено финасиски обврски кон соработниците кои даваат услуги.
Услугите беа целосно и навремено реализирани во договорениот рок и истите се поткрепени со уредна документација.
Неподмирувањето на овие обврски може да предизвика покренување на судски постапки, дополнителни трошоци и нарушување на деловната соработка со соработниците на Град Скопје.

Од тие причини, се предлага на Советот да ја донесе предложената **Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите во областа на социјална, детска и здравствена заштита во град Скопје, за 2026 година.**